Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

# Извадок на дел од дневни настани 18.01.2023

На 17.01.2023 во 12.40 часот на паркинг во центарот на Скопје полициски службеници од Единицата за внатрешни работи Центар и Бит Пазар ги лишиле од слобода Е.К.(34) и О.Р.(39), поради основано сомнение за сторено кривично дело тешка кражба. При преглед кај нив се пронајдени повеќе предмети кои биле користени при извршување на кривичното дело, како и предмети за кои постои основано сомнение дека се поврзани со кривично дело. По целосно документирање на случајот, ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.01.2023 во 23.55 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Б.(25) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.01.2023 во 01.00 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Ѓ.(37) од Скопје, затоа што кај него била пронајдени и одземени марихуана и бела грутчеста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.01.2023 во 20.25 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода В.Ј.(30) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.01.2023 во 22.00 часот на подрачјето на Драчево, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.М.(19) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.01.2023 полициски службеници од СВР Битола на ул.„Прилепска" во Битола, ги лишиле од слобода С.К.(36) и А.Т.(19) од с.Долно Оризари, битолско, бидејќи кај нив била пронајдена и одземена грутчеста материја. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на вчерашниот ден (17.01.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 294 возачи. Од нив 15 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволената брзина, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 156 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 138 надвор од населено место.

На 17.01.2023 во 12.30 часот на ул.„Св.Наум Охридски" во Прилеп патничко возило „ауди" со прилепски регистарски ознаки, управувано од Т.П.(19) од Прилеп, излетало од коловозот. Во несреќата возачот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во прилепската болница. Увидот го извршила увидната екипа на ОВР Прилеп.

На 17.01.2023 во 16.10 часот во Полициската станица Центар А.В.(48) од Скопје, пријавила дека во кругот на Комплексот клиники "Мајка Тереза" била касната од куче скитник.

На 17.01.2023 во Полициската станица во Неготино, Д.П.А.(38) од Неготино пријавила дека нејзиниот дедо Б.П.(87) од Неготино на градскиот плоштад во Неготино бил каснат од куче скитник.

На 18.01.2023 во Полициската станица во Велес, А.Г.(45) од Велес пријавил дека на ул. „Ангел Мишев" во Велес бил каснат од куче скитник.

На 17.01.2023 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 23 прекршоци, од кои 13 во населено место и 10 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции.

На 17.01.2023 полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Радовиш ги лишиле од слобода Ш.Б.(21), А.Б.(32), О.К.(28) и уште едно малолетно лице, сите од Радовиш, кои биле затекнати при вршење на кривични дела „тешка кражба" на подрачјето на Радовиш, а кај нив биле пронајдени и предмети од извршените кривични дела. Лицата се задржани во полициска станица и во текот на денешниот ден со нив ќе бидат извршени службени разговори, поради сомнение дека истите се сторители и на други кривични дела тешки кражби и кражби, извршени во претходниот период на подрачјето на Радовиш.За настанот е запознаен Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Радовиш и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

Полициски службеници на СВР Тетово вчера (17 јануари) околу 20 часот и 55 минути, во тетовска Мала Речица, со судска наредба го лишиле од слобода 37-годишниот Х.Е. од ова село за издржување на едногодишна затворска казна, по што бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор „Тетово" во Тетово.

На 17.01.2023 во 15.00 часот пријавено е дека во Штип на ул."Гоце Делчев" патничко моторно возило "форд фиеста" со штипски регистарски ознаки, управувано од Н.М.(35) од с.Стар Караорман-штипско, удрило во С.С.(48) од Штип. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила С.С., констатирани во Клиничката болница во Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (17.01.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот.На територија на град Скопје изречени се вкупно 129 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина шест санкции, шест мерки за возење без возачка дозвола, шест санкции за непочитување на првенство на минување. Изречени се седум мерки за користење мобилен телефон при возење, четири санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), четири мерки за недавање на првенство на минување на пешаци...

На 17.01.2023 во 14.20 часот било пријавено дека во Кочани на ул."Крижевска" моторцикл "јамаха" со кочански регистарски ознаки, управуван од Т.М.(35) од Кочани, излетал од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот констатирани во Клиничката болница во Штип. Извршен бил увид од Полициската станица Кочани.

Вчера (17 јануари) околу 10 часот и 30 минути, во тетовско Теарце, полициски службеници на СВР Тетово, со судска наредба ја привеле 25-годишната Е.М. од ова село за издржување затворска казна. Е.М. била спроведена во Казнено-поправната установа Затвор „Идризово" во Скопје.

Вчера (17 јануари) околу 21 часот и 30 минути, на улица „Радован Циниќ" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 24-годишниот тетовец Е.Е. затоа што при преглед му била пронајдена марихуана. Тој е задржан во Полициската станица Тетово за расчистување и документирање на случајот.

Полициски службеници на СВР Тетово вчера (17 јануари) околу 18 часот и 15 минути во Тетово ги лишиле од слобода Р.Т.(23), Е.Л.(18)., Ф.Р.(20) и 17-годишник од Тетово, како и Е.Д.(22) од тетовско Бозовце, кај кои била пронајдена марихуана. Сите се задржани во Полициската станица Тетово за расчистување и документирање на случајот, по што ќе бидат изготвени соодветни поднесоци.

На 18.01.2023 во 00.10 часот било пријавено дека на регионалниот пат Попова Шапка-Тетово во близина на селото Лисец, патничко моторно возило „фолксваген пасат" со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.И.(20) од с.Копаница-скопско, излетало од коловозот. Во несреќата, малолетен сопатник во возилото се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничка болница во Тетово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Тетово.

На 18.01.2023 во 10.45 часот Оперативен тим – потраги на ул.„Черења" во Штип го лиши од слобода С.Д.(31) од Струмица, осуден на казна затвор во траење од 10 години и 6 месеци, поради сторени кривични дела по член 235 и чл.236 од Кривичниот законик. За него била распишана Централна потерница врз основа на наредба од Казнено-поправна установа Затвор Штип, со која се бара за доиздржување 5 години 8 месеци и 5 дена. Лицето ќе биде спроведено во Затвор Штип за доиздржување на казната.

По преземени мерки и активности, полициски службеници од ОВР Виница расчистија 13 кривични дела од кои шест „тешка кражба", 3 „тешка кражба" во обид и четири „кражба" извршени во куќи и викенд куќи на подрачјето на Виница, при крајот на минатата и почетокот на годинава. Поради сомнение дека ги извршиле кривичните дела биле лишени од слобода О.И.(30), А.И.(20), Џ.И.(26), Т.И.(32) и Б.Д.(18), сите од Виница. При претрес по судска наредба во домот на осомничените биле пронајдени и одземени предмети кои потекнуваат од извршените кривични дела. Во полициска станица бил извршен службен разговор со осомничените кои ги признале кривичните дела. Поголем дел од украдените предмети биле пронајдени и вратени на оштетените граѓани. По целосно документирање на случаите против нив ќе бидат поднесени соодветни кривични пријави.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција- Специјализирано одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања поднесе кривична пријава против С.А., полициска службеничка во Полициската станица за граничен премин и граничен надзор Богородица при Регионалниот центар за гранични работи Југ поради постоење на основи на сомнение дека сторила кривично дело „примање поткуп" по член 357 ст.1 од Кривичниот законик. Пријавената на 21.12.2022 околу 12 часот побарала и примила поткуп (пари) за да не изврши службено дејствие кое била должна да го изврши, односно да не ги евидентира оштетените (грчка државјанка и нејзиниот сопатник) во системот на контрола на патници и возила дека оствариле излез од Република Северна Македонија кон Република Грција. Против С.А. е поведена и постапка за утврдување на дисциплинска одговорност, како и отстранување од работното место.

Денеска (18.01.2023) околу 10.30 часот полициски службеници од СВР Тетово го привеле 35-годишниот Р.А. од тетовско Одри за доиздржување затворска казна од 4 години и 11 месеци, откако претходно бил пуштен на викенд и не се вратил во КПУ Затвор "Идризово" во Скопје. Тој е спроведен во казнено- поправната установа за доиздржување на казната. Инаку, Р.А. се сомничи и дека ноќеска (18.01.2023) извршил тешка кражба во куќа во тетовско Беловиште, при што одзел пари и лични предмети. Одземеното е пронајдено и вратено на сопственикот.

На 17.01.2023, во периодот од 12.00 до 16.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово спроведоа акциска контрола на тетовско-гостиварското подрачје. При контролата на тетовското подрачје биле откриени и санкционирани вкупно 20 пречекорувања на максимално дозволената брзина, од кои 13 надвор, а 7 во населено место. Пет од пречекорувањата надвор од населено место биле за над 50 километри на час. На гостиварското подрачје, пак, во контролата спроведена од 09.00 до 12.00 часот, со соодветни поднесоци биле заокружени и 9 пречекорувања на пропишаната брзина надвор од населено место.

На 17.01.2023 во 22.15 часот во ОВР Прилеп, 57-годишна стружанка пријавила дека околу 20.00 часот, Р.В. со кого имала нарушени односи, надвор од домот на нејзин роднина во Прилеп, испукал од пушка во воздух. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.01.2023 во 00.05 часот на подрачјето на Бит Пазар полициски службеници од СВР Скопје го привеле Х.Ј.(26) од Скопје, постапувајќи по пријава според која малку пред тоа, во спортска обложувалница на подрачјето на Бит Пазар, по претходна расправија, тој физички го нападнал Б.А.(30) од Скопје. Според пријавеното, малку подоцна помеѓу двете лица настанала и физичка пресметка, во која Х.Ј. употребил остар предмет. За настанот е известен Јавен обвинител, а по целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против С.П.(58) од с.Вевчани, струшко, поради постоење основано сомнение за сторени кривични дела „несовесно работење во службата" и „злоупотреба на службената положба и овластување". Пријавениот, во својство на службено лице, вработен во Јавното претпријатие Национални шуми ПШС „Јабланица" Струга, во периодот од 15.11. до 29.11.2022, додека бил на боледување, службениот чекан за жигосување на дрва со кој бил задолжен, му го дал на А.Ќ., вработен во склад за дрва, сопственост на приватната фирма од с.Велешта, со што му овозможил да жигосува дрва, да ги пушта во промет и да оствари имотна корист, а изготвил и пет испратници за две фирми од с.Велешта, за превоз на исечените дрва од ШСЕ „Глобочица" до склад за дрва во с.Велешта. Со ова им овозможил на правните лица да се стекнат со имотна корист во вкупен износ од 112.200 денари.

На 17.01.2023 околу 05.35 часот во СВР Скопје е пријавено дека во Клиника за токсикологија - Скопје починал Г.С.(51) од Велес, осуденик од Казнено-поправната установа Идризово, кој кај нив бил донесен претходниот ден. Лекар констатирал смрт без траги на насилство. За настанот е известен Јавен обвинител по чија наредба телото било предадено на обдукција.

На 18.01.2023 во 00.45 часот М.Е.(68) од Скопје пријавила дека на 17.01.2023 околу 16.00 часот во дворот од семејната куќа на подрачјето на Гази Баба, по претходна вербална расправија, била физички нападната од едно женско лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Т.Р.(32) од Кочани, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 15.01.2023 околу 22.10 часот, пред продавница на ул.,,Славчо Стојменов" во Кочани, Т.Р. му се заканил и физички го нападнал З.Ш., одземајќи му торба со лични предмети, мобилен телефон и пари.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе две кривични пријави, и тоа против Р.Н.(31) од с.Русиново, беровско и Д.Н.(25) од с.Разловци, делчевско, поради постоење основано сомнение за сторени две кривични дела „кражба". Во временскиот период од 18.03. до 30.06.2022, во атар на с.Русиново, на место викано „Дуџевица", пријавените од шумска парцела во државна и приватна сопственост незаконски и противправно извршиле сеча на дрвна маса, со што предизвикале материјална штета од по 170.596 денари.

СВР Скопје до Основното јавно обвинителство Скопје поднесе кривична пријава против В.Б.(24) од Скопје, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „силување". Имено, на 13.01.2023 во 20.45 часот пријавениот В.Б. со употреба на сила извршил обљуба врз 22 – годишна девојка од Скопје. Веднаш по добиената пријава, преземени се мерки и активности од полициски службеници од Одделението за крвни и сексуални деликти, Единица за насилен криминал при СВР Скопје. В.Б. е приведен и против него до надлежното обвинителство е поднесена кривична пријава, а од судија на претходна постапка на лицето му е одредена мерка притвор од 30 дена.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет